**НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за начинот на кој резидентите отвораат девизни сметки, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16 е направена техничка грешка, поради што се дава

# ИСПРАВКА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА КОЈ РЕЗИДЕНТИТЕ ОТВОРААТ ДЕВИЗНИ СМЕТКИ („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/16)

Во Одлуката за начинот на кој резидентите отвораат девизни сметки („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16), во точката 6, алинеите 3 и 4 треба да претставуваат една алинеја, алинеја број 3, која гласи:

- писмено овластување потпишано од резидентот – физичко лице или од неговиот законски застапник потврдено од овластено лице (нотар - ако овластеното лице се појавува во банката во отсуство на имателот на сметката, односно законскиот застапник) и документ за лична идентификација на лицето што се овластува за отворање/работење со сметката.

Во точката 16, зборовите: „Со влегувањето во сила" треба да гласат: „На денот на отпочнувањето со примена".

од Народна банка на Република
Македонија